# Скопје

| Број 32 | Година VII | декември 2014 г. |

Бесплатен примерок

# УЛИЦАТА ТРЕТА МАКЕДОНСКА БРИГАДА СТАНА БУЛЕВАР



# Почитувани сограѓани,

Годинава што полека ја оставаме зад нас ја одбележуваат многубројни успешно завршени инфраструктурни проекти, многубројни остварени ветувања. Проектите што Градот Скопје ги реализира во годинава што приврШува ни го подобрија животот, ни ја разубавија и уредија средината во која живееме и решија долгогодишни проблеми. Затоа сум убеден дека сме на добар пат. Јас и мојот тим цврсто чекориме по тој пат за Скопје да биде функционален град во служба на своите граѓани, без сообраќаен метеж, со високо ниво на јавна хигиена, достапни институции, зелени површини, поуредена и почиста животна средина... Вашите мислења и сугестии за градските проекти, почитувани сограѓани, се особено важни за нас, зашто ни даваат вистински насоки и искрени предлози, и ни помагаат да реализираме подобри и поуспешни проекти, како што ветивме.

Градот Скопје годинава вложуваше во сите области од урбаното живеење. Скопје наликуваше на големо градилиште. Се пробиваа и проширува улици, се градеа нови објекти и плоштади, се подобруваше водоводната и канализациската мрежа, се реновираа училишта, се подобруваше јавната хигиена, се засадуваа дрвја, се организираа културни и спортски манифестации... Овде сакам да ја нагласам важноста на сообраќајните проекти, оние што придонесоа да се олесни движењето низ градот, да се намали метежот и да се намали загадувањето. Прво ќе го спомена проширувањето на улицата Трета македонска бригада, прв дел, која прерасна во широк и проточен булевар. Почна проширувањето на третиот дел од булеварот Митрополит Теодосиј Гологанов; се прошируваат улицата Јордан Мијалков и булеварот Партизански одреди со изградба на кружен тек; се изведува третата фаза од фекалниот колектор во населеното место Инџиково; се реконструираше атмосферската канализациска мрежа на улицата Финска, на булеварот Киро Глигоров, под стоковната куќа „Мост" и на улицата Павел Шатев, кај подвозникот; општините Кисела Вода и Аеродром добија подземни контејнери; уредивме нови зелени површини во паркот „Македонија" и на булеварот Февруарски поход; вложивме 33,5 милиони денари за реконструкција на средните училишта; спроведовме многубројни проекти за подобрување на енергетската ефикасност и многу други проекти.

Но, она што во овој момент особено сакам да го нагласам пред Вас, почитувани сограѓани, е дека ние нема да застанеме тука. Скопје и во наредната година ќе биде едно големо градилиште. Во Градот Скопје во моментов интензивно се работи на подготовка на многубројни проекти, а акцент ќе биде ставен на големите инфраструктурни зафати. За наредната 2015 година сакам да ги најавам следниве проекти, по општини:

**Општина Чаир:** За наредната 2015 година на подрачјето на општината Чаир се планирани неколку поголеми инвестиции: делумно проширување на булеварите Христијан Тодоровски Карпош, Цветан Димов и Никола Карев. Во соработка со службите на Општина Чаир веќе работиме на расчистување на имотно-правните односи.

**Општина Карпош:** Како најголем проект кој во моментов се реализира на подрачјето на општината Карпош е третата и последна фаза од проектот за реконструкција и проширување на булеварот Митрополит Теодосиј Гологанов, а кој својата завршница ќе ја доживее наредната година, напролет. Со зеленило го уредуваме вториот дел од паркот „Македонија". Во Буџетот за 2015 година предвидовме и средства за реконструкција на фекалната мрежа од улицата Московска, по должината на булеварот Партизански одреди.

**Општина Аеродром:** Како едни од најголемите инфраструктурни проекти кои ќе се реализираат на подрачјето на општина Аеродром во 2015 година ќе ги најавам втората фаза од проектот за реконструкција и проширување на булеварот Трета македонска бригада, како и продолжувањето на булеварот АСНОМ кон населбата Горно Лисиче, на потегот од улицата Февруарски поход до улицата Тодор Чангов. Се планира изградба на фекалниот колектор по должината на булеварот Видое Смилевски Бато, а ја подготвуваме и техничката документација за десниот колектор од булеварот Србија до препумпната станица.

**Општина Бутел:** Нареднава 2015 години планираме да изградиме нов атмосферски колектор кај подвозникот до кружниот тек на улицата Боца Иванова до реката Серава. Дополнително, планираме реконструкција на улицата Ќемал Сејфула, на потегот од улицата Втора македонска бригада до улицата Босна и Херцеговина. Секако, најголем проект кој во наредниот период треба да се реализира е пробивањето и изградбата на булеварот Христијан Тодоровски Карпош, којашто ќе се одвива во фази и со која оваа општина ќе добие уште едно сообраќајно поврзување. Во соработка со службите на



***Коце Трајановски,***
*Градоначалник на Град Скопје*

Општина Бутел, веќе работиме на расчистување на имотно-правните односи. Се подготвуваме за реконструкција и на дел од улицата Александар Урдаревски, како и за доизградба на фекалната канализација во село Љуботен, во соработка со општината Бутел.

**Општина Ѓорче Петров:** Морам да нагласам дека на подрачјето на општината Ѓорче Петров деновиве се гради кружен тек на крстосницата на булеварот Партизански одреди и на улицата Ѓорче Петров, еден од најголемите инфраструктурни проекти во Скопје. Станува збор за првата фаза на големиот и сложен проект за продолжување на булеварот Партизански одреди кон Ѓорче Петров. Паралелно со градежните активности, службите на Градот Скопје работат на средување на имотно-правните односи на вториот дел од овој проект, кој ќе го поврзе булеварот Партизански одреди со кружниот тек кај црквата „Свети Петар и Павле". На расчистување на имотно-правните односи периодов се работи и за трасата на улицата Борис Сарафов, по што ќе следува нејзино проширување и реконструкција. Ќе ја споменам и изградбата на пречистителната станица во Волково, како многу значаен проект за унапредување на животната средина, во чие финансирање ќе учествува и Градот Скопје.

**Општина Шуто Оризари:** Најголемиот проект што ќе следува на подрачјето на Општина Шуто Оризари е проектот за подобрување на водоснабдувањето. Подобрувањето на мрежата за снабдување со вода во населбата Шуто Оризари ќе се направи со изградба на пумпна станица кај крстосницата меѓу улицата Босна и Херцеговина и булеварот Словенија, изградба на нов потисен цевковод до постојните резервоари и изградба на нов резервоар. Овој проект ќе го реализираме со средства од Светската банка.

**Општина Сарај:** На подрачјето на општината Сарај за наредната година се планира реконструкција на улицата Сарај со што ќе се зголеми безбедноста во сообраќајот.

**Општина Центар:** Она што ќе го окупира нашето внимание како Град Скопје е дооформувањето на Малиот ринг и проширувањето на улицата Даме Груев, каде што треба да се урива дел од една зграда. Во 2015 година очекуваме да се догради катната гаража на улицата Даме Груев и да се реши голем проблем со недостигот од паркинг-места во центарот на градот. Се проширува и улицата Јордан Мијалков со што ќе се добие уште една широка сообраќајница што ќе го олесни движењето низ центарот. Планираме да го прошириме и делот од булеварот Митрополит Теодосиј Гологанов, од булеварот Свети Климент Охридски до Клубот на пратеници, и да ја реконструираме улицата Тодор Александров. Во центарот на градот продолжува проектот за обнова на фасадите на неколку објекти. Во наредната година ќе се подготвуваат проектите за изградба на кружни текови на вкрстувањето на Јужен булевар со булеварите Свети Климент Охридски и со Кочо Рацин, како и проектот за изградба на крстосница на две нивоа кај Судска палата. Ќе се изработуваат и проектите за воведување пешачка зона на улицата Димитрие Чуповски и за проширување на улицата Павел Шатев.

**Општина Гази Баба:** Интензивно се подготвуваме за реконструкција на улицата Маџари, во општината Гази Баба. Ќе работиме и на изградба на фекална канализација на патот од село Трубарево до Идризово, како и на изградба на фекална канализација за селата Црешево, Смиљковци и Виниче. Се подготвуваме и за изградба на кружен тек на дел од улицата 16.Македонска бригада. Наредната година очекуваме да се догради фекалниот колектор во Инџиково и да се изгради пешачки натпатник во Хиподром. Ќе се проширува раскрсницата на улицата Благоја Стефковски со улицата Маџари, а ќе се работи и на проектот за проширување на булеварот Александар Македонски до клучката „Дијамант".

**Општина Кисела Вода:** Во 2015 година се планира булеварот Борис Трајковски да се прошири во должина од два километра, од поранешната фабрика „Стакларница" до Пинтија. Ќе работиме и на проектот за пробивање на улицата Есенинова, којашто е врска меѓу булеварите Борис Трајковски и Трета македонска бригада, како и на проектот за продолжување на булеварот Србија од Усје до улицата Христо Татарчев.

Градот Скопје со своите проекти нема да заобиколи ниту еден сегмент од општественото живеење. Во 2015 година ќе понудиме многубројни случувања од областа на културата, спортот, забавата...

*Почитувани,*

Во пресрет на Новата 2015 година, сакам да Ви посакам добро здравје и среќни мигови. Вашата доверба и искрените предлози и во наредната година ќе бидат наша водилка за остварување на многубројни ветувања, на многубројни проекти што ќе бидат од корист за сите нас.

**„СКОПЈЕ"**
ИНФОРМАТИВНО ГЛАСИЛО
НА ГРАД СКОПЈЕ
Првиот број на информативното гласило „СКОПЈЕ" излезе на 10 декември 2008 година

**Главен и одговорен уредник**
Неделчо Крстевски

**Редакција**
Одделение за односи со јавност на Град Скопје

**Фотографии на**
Анета Терзиева

**Лектор**
Лидија Антоновска

**ИЗДАВА ГРАД СКОПЈЕ**
Булевар Илинден 82

**Телефон**
02 3297 255

**меил-адреса**
gragjani@skopje.gov.mk

**Дизајн и печат**
Нампрес, Скопје




# НОВ ЛИК ЗА ПРВИОТ ДЕЛ ОД БУЛЕВАРОТ ТРЕТА МАКЕДОНСКА БРИГАДА

Градот Скопје успешно и во предвидениот рок го заврши обемниот проект за проширување и реконструкција на првата делница од булеварот Трета македонска бригада. Скопје доби уште важна сообраќајна артерија – модерен булевар со четири ленти, со уредени тротоари и велосипедски патеки, зеленило и ново осветлување, булевар што овозможи побезбедно одвивање на сообраќајот од центарот на градот кон општината Аеродром и обратно, скратување на времето на патување и забрзан развој на овој дел од градот.




Со овој проект, старата и нефункционална улица Трета македонска бригада која беше синоним за сообраќаен метеж, е проширена и реконструирана на потегот од булеварот Србија до улицата Фрањо Клуз, во должина од 1.243 метри. Со проширувањето, оваа сообраќајница доби 4 коловозни ленти, по две во секоја насока. Новоасфалтираната површина изнесува 22.500 квадратни метри. Од двете страни на новоформираната сообраќајница се изградени тротоари покриени со бекатон-плочки, на вкупна површина од 9.200 квадратни метри. Од левата страна, гледано од Аеродром кон Центар, тротоарот е широк 1,5 метри, а од десната страна е оформен

зелен појас (1,5 метри), велосипедска патека (2 метра) и пешачка патека (3 метри). За одведување на атмосферските води на булеварот Трета македонска бригада е поставена атмосферска канализација со должина од 1.300 метри и со променлив профил (600, 800 и 1.200 милиметри). Атмосферската канализација е приклучена на колекторот на булеварот Србија - рече градоначалникот Коце Трајановски, на официјалното отворање на новопроширената сообраќајница.

Трајановски додаде дека на проширување и реконструкција на булеварот Трета македонска бригада, на делницата од булеварот Србија до улицата Фрањо Клуз, работеа екипите на градежната компанија ДГТ „Жикол“ од Струмица.

- Градот Скопје за изградбата на оваа значајна делница потроши 133 милиони денари. Сакам да нагласам и дека новата сообраќајница ја осветлуваат 78 столба со висина од по 10 метри, на коишто се поставени 122 светилки од по 250W и 150W. Осветлени се и велосипедската и пешачката патека од северната страна на булеварот, со посебни светилки. На осветлувањето на оваа делница од проширениот булевар Трета македонска бригада работеа екипите на „Елтра“ Скопје, а Градот Скопје вложи 6,2 милиони денари со ДДВ. На средината на новопроширениот коловоз е изградена средишна жардиниера со ширина од 5 метри, а уредено е и страничното зеленило. Вкупно е уредена зелена површина од 12.000 квадратни метри, поставена е хидрантска мрежа во должина од 2.900 метри, со 118 прскалки и систем капка по капка со должина од 5.500 метри. За уредување на зеленилото по должината на проширената делница од булеварот Трета македонска бригада Градот Скопје вложи околу 8 милиони денари, а на терен работеа екипите на ЈП „Паркови и зеленило“. Со тоа, вкупната вредност на проектот за проширување и реконструкција на улицата Трета македонска бригада – прва фаза - изнесува околу 147,2 милиони денари - нагласи градоначалникот Коце Трајановски.










# УЛИЦАТА ЈОРДАН МИЈАЛКОВ В ГОДИНА СО ТРИ ЛЕНТИ



Улицата Јордан Мијалков напролет ќе добие нов лик. Оваа значајна сообраќајница деновиве се проширува и ќе се реконструира на потегот од крстосницата со улицата Герман до пред раскрсницата со улицата Павел Шатев.

- Улицата Јордан Мијалков со овој проект ќе се прошири во должина од 750 метри, а проширувањето ќе се изведува по левата страна, гледано од булеварот Мајка Тереза кон улицата Павел Шатев. По проширувањето, оваа сообраќајница ќе добие три коловозни ленти со ширина од по 3,25 метри, средишна жардиниера со зеленило (1,5 метри), сервисна коловозна лента со паркинг широка 6 метри и тротоар покриен со бекатон-плочки. Реконструкцијата на улицата Јордан Мијалков ќе се искористи за да се постави нова атмосферска канализација, а ќе се изврши и реконструкција на постојната водоводна и фекална мрежа. На проширување и реконструкција на улицата Јордан Мијалков ќе работат екипите на градежната компанија „Пелагонија“ од Гостивар, а за поставување на осветлувањето ќе биде задолжена фирмата Дигитал ДОО Струмица. Градот Скопје, за градежните работи и за осветлувањето на улицата Јордан Мијалков, ќе вложи околу 47 милиони денари – вели градоначалникот Коце Трајановски.



Проширувањето на улицата Јордан Мијалков во голема мера ќе придонесе за растоварување на сообраќајниот метеж од центарот на градот кон Кисела Вода, ќе се скрати времето на патување, а со тоа ќе се намали и загадувањето од сообраќајот.

## ОБНОВЕН ДЕЛ ОД УЛИЦАТА РАДИШАНСКА

Екипите на Град Скопје и на ЈП „Улици и патишта“ го реконструираа асфалтот на дел од улицата Радишанска, во општината Бутел, којшто беше оштетен и пропаднат поради прекопи. За да се овозможи безбедно одвивање на сообраќајот по улицата Радишанска, обновена е делница долга 170 метри. Стариот и оштетен асфалт беше отстранет, обновен е потповршинскиот слој и е нанесен нов асфалт.

За овој градежен зафат Градот Скопје потроши 1,5 милиони денари.



# КРУЖЕН ТЕК НА БУЛЕВАРОТ ПАРТИЗАНСКИ ОДРЕДИ, КАЈ ПОРТА ВЛАЕ

На крстосницата меѓу булеварот Партизански одреди и улиците Аацо Шопов и Ѓорче Петров екипите на Градот Скопје формираа нов кружен тек. Досега, на оваа локација е поставена атмосферска канализација и осветлување, а кружниот тек е асфалтиран со два слоја асфалт и прооден за возилата. Градежните работи на ова ново сообраќајно решение се во завршна фаза. Деновиве се поставува хидрантската мрежа за наводнување на зеленилото, се редат бекатон-плочки на пешачките патеки, а ќе следува изградбата на бетонската жардиниера на булеварот Партизански одреди и на улицата Ѓорче Петров, на влезовите во кружниот тек.

Новоформираниот кружен тек е со дијаметар од 40 метри, коловозот е широк 9 метри, изградена е заштитна патека од 1,5 метри и средишно зеленило. Кружниот тек се состои од две сообраќајни ленти. По кружниот тек, гледано во насока кон Ѓорче Петров, булеварот Партизански одреди е проширен до влезот во автобазата на ЈСП и има по три коловозни ленти во секоја насока, средишна жардиниера со ширина од 5 метри, а ќе се формираат и велосипедска патека со ширина од 2 метри и пешачка патека со ширина од 3 метри, покриени со бекатон-плочки.

Булеварот Партизански одреди ќе се проширува во две фази. Ова е првата фаза од градежните работи - изградба на кружен тек и проширување на булеварот Партизански одреди до влезот во автобазата на ЈСП. Градот Скопје за овој дел од проектот ќе вложи 50,5 милиони денари.





Втората фаза од овој проект ќе го поврзе булеварот Партизански одреди со кружниот тек кај црквата „Свети Петар и Павле“.



# ПРОШИРЕНА КРСТОСНИЦАТА КАЈ ШУМАРСКИОТ ФАКУЛТЕТ

Екипите на Градот Скопје ја проширија крстосницата на булеварот Александар Македонски со улицата 16. Македонска бригада, во Автокоманда, со што во голема мера се олесни движењето на возилата, се намали метежот и се зголеми безбедноста во сообраќајот.

Во текот на градежните работи, средишната жардиниера на дел од булеварот Александар Македонски е скратена со што сообраќајната лента за вртење во лево кон улицата 16. Македонска бригада е продолжена за 120 метри. На терен е извршен ископ, нанесен е тампонски слој и нов асфалтен слој.

Булеварот Александар Македонски е проширен за една сообраќајна лента со ширина од 3,5 метри, во делот пред и по свртувањето во десно кон улицата 16. Македонска бригада, кон базата на Противпожарната бригада. Коловозот на булеварот Александар Македонски во овој дел беше проширен во должина од 150 метри.

Градежни работи за проширување на оваа крстосница се одвиваа и на аголот пред Шумарскиот факултет, каде што се прошири едната сообраќајна лента на улицата 16. Македонска бригада, за вртење во десно кон булеварот Александар Македонски. Тротоарот е покриен со бекатон плочки.








На терен работеа екипите на ЈП „Улици и патишта“. Вкупно е реконструирана површина од 3.000 квадратни метри, а Градот Скопје за овој градежен зафат одвои околу 5,7 милиони денари.

# РЕКОНСТРУИРАН КОЛОВОЗОТ ПРЕД ПЕТ АВТОБУСКИ СТОЈАЛИШТА









Екипи на Градот Скопје во текот на изминатите месеци ја реконструираа крајната сообраќајна лента пред пет автобуски стојалишта во центарот на градот.

Како дел од овој проект, реконструирана е крајната и оштетена сообраќајна лента на булеварот Крсте Мисирков, пред автобуското стојалиште кај објектот на МАНУ, во должина од 115 метри. Со реконструкцијата се замени површинскиот и потповршинскиот асфалтен слој, а беа нивелирани и постојните шахти и сливници. За овој зафат Градот Скопје потроши 2,9 милиони денари со ДДВ.

Целосно се реконструирани и крајните сообраќајни ленти пред двете автобуски стојалишта на булеварот Кузман Јосифовски Питу, пред Комплексот банки и пред трговскиот центар ВЕРО. Крајната сообраќајна лента пред Комплексот банки е реконструирана во должина од 200 метри, пред и по автобуската станица, а онаа пред ТЦ ВЕРО во должина од 102 метри. Градот Скопје за овој зафат потроши околу 7 милиони денари со ДДВ и тоа 5 милиони денари за сообраќајната лента пред Комплексот банки и околу 2 милиона денари за сообраќајната лента пред трговскиот центар ВЕРО.

Екипите на Градот Скопје ги реконструираа и двете крајни сообраќајни ленти на улицата Димитрие Чуповски, пред автобуските стојалишта пред и наспроти Рекорд. Крајната сообраќајна лента пред автобуското стојалиште наспроти Рекорд се реконструираше во должина од 200 метри. Градот Скопје за овој градежен зафат одвои околу 4 милиони денари. Реконструирана е и крајната сообраќајна лента пред автобуската станица наспроти Театарот за деца и младинци, во должина од 60 метри. Градот Скопје за овој зафат потроши околу милион денари.

# ЌЕ СЕ ГРАДИ НОВ ВОДОВОД ВО ШУТО ОРИЗАРИ



На 21 ноември во просториите на Министерството за финансии беше потпишан договорот за финансирање на изградбата на систем за водоснабдување во општина Шуто Оризари меѓу Градот Скопје, Министерството за финансии и Општината Шуто Оризари. Изградбата на водоводот во Шуто Оризари претставува заеднички проект на Град Скопје, ЈП „Водовод и канализација" и Општина Шуто Оризари, со вкупна вредност од околу 242 милиона денари.

- Во финансирањето на овој проект Градот Скопје и ЈП „Водовод и канализација" ќе покријат по 40 насто од средствата, а општината Шуто Оризари – 20 насто од потребните средства. Очекувам наредната 2015 година, пред почетокот на летото, да почне изградбата на новиот водоснабдителен систем – рече градоначалникот Коце Трајановски, на потпишувањето на договорот.

Министерот за финансии, Зоран Ставревски, објасни дека средствата за изградба на новиот водоснабдителен систем во Шуто Оризари се обезбедени од Светската банка со исклучително поволна каматна стапка, со грејс период од три години и рок на отплата од 13 години.

За изградбата на новиот водоснабдителен систем во Шуто Оризари Градот Скопје ќе ги обезбеди финансиските средства по пат на долгорочен домашен под-заем во рамките на средствата обезбедени со Проектот за подобрување на општинските услуги финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка за што и Советот на Град Скопје донесе Одлука за долгорочно задолжување. Новопланираниот систем ќе опфати изградба на резервоар од 4 350 кубни метри, пумпна станица и цевковод со должина од 2,3 километри.

## Во Ѓорче Петров

# РЕКОНСТРУИРАНИ ЧЕТИРИ КРАЦИ НА УЛИЦАТА ЦРНОГОРСКА

Градот Скопје и Општината Ѓорче Петров го реконструираа кракот од улицата Црногорска, на потегот од улицата Радушка до улицата Лука Геров, како и краците 1, 2 и 3 од оваа улица, кај паркчето пред надвозникот на улицата Лука Геров.



ПРЕТХОДНО

Со овој градежен зафат, од улицата Црногорска вкупно се обновени 650 метри, при што посочените делници добија нов асфалт, а коловозот е проширен според условите на теренот, до ширина од 5,5 метри. По должината на кракот од улицата Црногорска се уредени тротоари покриени со бекатон-плочки. Градот Скопје и Општината Ѓорче Петров во овој зафат учествуваа со по 2,3 милиони денари, односно за овој проект вкупно се вложени 4,6 милиони денари.



ПОТОА

# СЕ ОБНОВУВА ПЕШАЧКАТА ПАТЕКА КАЈ БИТПАЗАР

Градежните работи за реконструкција на пешачката и на велосипедската патека на булеварот Крсте Мисирков се одвиваат според предвидената динамика. Патеката ќе се обнови на должина од 440 метри, од крстосницата со булеварот Гоце Делчев до почетокот на Битпазар, од страната на трговскиот центар „Мавровка".

- Овие патеки беа многу оштетени, а наскоро ќе добијат нов и уреден лик. Со овој зафат ќе се реконструира површина од вкупно 2.750 квадратни метри. Стариот и оштетен асфалт е веќе отстранет, се заменуваат малите рабници меѓу велосипедската и пешачката патека и оштетените големи рабници и се нанесува нов асфалтен слој. По должината на реконструираната пешачка и велосипедска патека ќе се наместат столбчиња, а ќе се обнови и дрвоup. Градот Скопје за овој градежен зафат ќе потроши околу 2,4 милиони денари, а на терен ќе работат екипите на ЈП „Улици и патишта" – вели градоначалникот Коце Трајановски.

# ПОДОБРЕНА АТМОСФЕРСКАТА КАНАЛИЗАЦИЈА...

## ...НА УЛИЦАТА ФИНСКА...

По краците 1 и 2 од улицата Финска, во населбата Ченто, екипите на ЈП „Водовод и канализација" поставија нова атмосферска канализациска мрежа. По кракот 1 е изведен бетонски канал (таложник со решетка) во должина од 95 метри, ревизиона шахта со пречник од 1.000 милиметри со таложник и ПВЦ цевка со профил 400 милиметри, во должина од 36 метри. По кракот 2, попречно на улицата е поставена решетка во непосредна близина на каналот, па одведувањето на атмосферските води ќе се врши со директно испуштање во каналот.


На улицата Финска

## ...НА УЛИЦАТА ПАВЕЛ ШАТЕВ...

Екипите на Град Скопје и на ЈП „Водовод и канализација" ја реконструираа атмосферската мрежа на улицата Павел Шатев, во близина на подвозникот, со што се зголеми проточноста на атмосферските води. Во правецот од населбата Пржино кон подвозникот, пред самата крстосница, на двете коловозни ленти се поставени три попречни решетки од монолитен бетон, во вкупна должина од 7,35 метри и еден сливник.

На самата раскрсница дополнително се поставени три сливници.


На улицата Павел Шатев

## ...НА БУЛЕВАРОТ КИРО ГЛИГОРОВ...

Реконструирана е атмосферската канализациска мрежа и на дел од булеварот Киро Глигоров. Најпрво беше извршена реконструкција на постојниот атмосферски колектор кај објектот „Бриколаж", при што беа вградени полипропиленски цевки, Ф 800 милиметри, во должина од 57 метри. Со овој зафат беше извршено исправување на атмосферскиот колектор којшто претходно имаше две прекршувања под агол од 90 степени.

Потоа, на јужната страна и на северната страна на булеварот Киро Глигоров, кон подвозникот, беа поставени решетки од монолитен бетон.


На булеварот Киро Глигоров

## ...И ПОД СТОКОВНАТА КУЌА „МОСТ"

Минатиот месец беше извршена реконструкција на атмосферската мрежа на дел од булеварот Гоце Делчев, под стоковната куќа „Мост". Изграден е дополнителен колектор со профил Ф 500 милиметри, во должина од 62,1 метар и тоа од јужниот коловоз до приклучокот во постојниот атмосферски колектор Ф 1.000 милиметри. Воедно, по јужниот коловоз е изведен армирано-бетонски монолитен канал во должина од 30 метри, а попречно, по двата коловоза е изведен армирано-бетонски монолитен канал во должина од 27 метри со попречни и подолжни решетки со канали од двете страни на булеварот.

Во наредниот период се очекува да почне реконструкција на атмосферската мрежа и на неколку други локации во градот, што се поплавуваа при обилните врнежи минатото лето. За сите овие интервенции Градот Скопје ќе одвои околу 2 милиона евра.


Кај стоковната куќа „Мост"

# СЕ ДОГРАДУВА ФЕКАЛНИОТ КОЛЕКТОР ВО ИНЏИКОВО

Во населеното место Инџиково во тек се градежните работи на третата фаза од фекалниот колектор. Трасата на фекалниот колектор е покрај автопатот Александар Македонски во правец кон стадионот „Борис Трајковски", па се до фекалната препумпна станица Маџари. Колекторот ќе се изведе од полиетиленски цевки со профил DN-800 милиметри, во должина од 679 метри.

- Со изградбата на овој колектор ќе се реши проблемот со прифаќањето и одведувањето на фекалните отпадни води од месните заедници Тумба и Питу Гули, како и дел од населените места Ченто и Камник. Новиот колектор ќе овозможи фекалните води по природен пат, без пумпи, да се слеваат во реката Вардар. Со реализацијата на овој капитален проект корист ќе имаат околу 30.000 жители – рече градоначалникот Коце Трајановски, на почетокот на градежните работи на третиот дел од новиот колектор.



Директорот на ЈП „Водовод и канализација", Бојан Василевски, изјави дека инвеститор на проектот е ЈП „Водовод и канализација", а вредноста на инвестицијата е околу 12 милиони денари.

# ПОКВАЛИТЕТНО ВОДОСНАБДУВАЊЕ НА УЛИЦИТЕ ШИНДАРОВСКА И СЕРДАРОТ



Стотина домаќинства добија подобро водоснабдување со реконструкцијата на водоводната мрежа по улиците Шиндаровска и Сердарот, во Драчево, што се одвиваше во изминативе неколку месеци.

- Со реконструкцијата на оваа водоводна мрежа е решен долгогодишниот проблем со слабиот притисок на водата со којшто се соочуваа граѓаните. На двете улици водоводната мрежа е реконструирана на вкупна должина од околу 860 метри – вели градоначалникот Коце Трајановски.

Директорот на ЈП „Водовод и канализација", Бојан Василевски, објасни дека реконструкцијата на водоводната мрежа по улиците Шиндаровска и Сердарот е значајна инвестиција на ова јавно претпријатие и се вложени околу 8,5 милиони денари.

# НАСКОРО НОВА ВОДОВОДНА МРЕЖА НА УЛИЦАТА СКУПИ

Во тек е изградбата на новата водоводна мрежа по дел од улицата Скупи, во населеното место Злокуќани, општина Карпош. Новиот водовод ќе овозможи поквалитетно водоснабдување за околу 2.000 жители во овој дел од градот.

- На терен ќе се вградат полиетиленски цевки со профил Ф 110 милиметри, во должина од 293 метри. Овој градежен зафат е само дел од активностите на ЈП „Водовод и канализација" за подобрување на водоснабдувањето во Скопје – рече градоначалникот Коце Трајановски, на почетокот на изградбата на новата мрежа.

Директорот на ЈП „Водовод и канализација", Бојан Василевски, нагласи дека новата водоводна мрежа ќе ја градат екипи на јавното претпријатие.



- За изградба на новата водоводна мрежа на улицата Скупи ЈП „Водовод и канализација" ќе потроши околу 4,5 милиони денари – рече Василевски.

# Одбележан 13 Ноември – Денот на ослободувањето на градот




## 70 ГОДИНИ СКОПЈЕ СЛОБОДНО ЧЕКОРИ НАПРЕД

# СРЕДБА СО БОРЦИТЕ ОД НОАВМ

Во чест на 70 - годишнината од ослободувањето на Скопје, 13 Ноември, градоначалникот Коце Трајановски се сретна со претставници на Градскиот одбор на Сојузот на борците од Народноослободителната антифашистичка војна на Македонија. Борците на средбата во кабинетот на градоначалникот евоцираа спомени од ослободувањето на Скопје, а градоначалникот Трајановски изрази длабока почит спрема нив и благодарност за нивниот придонес за ослободувањето на Скопје.

- На средбите со вас, особено на 13 Ноември, се присетуваме на некои моменти од историјата и на вашите заложби Скопје да биде ослободено, но ова е и одлична можност да се договориме какви чекори треба да преземеме за зачувување на тие спомени и добри дела, што се пример за нашите генерации, но и за следните генерации коишто доаѓаат. Јас и граѓаните на Скопје чувствуваме неизмерна почит за борците коишто пред точно 70 години ги дадоа животите за слободата на овој град. Градот Скопје планира до март 2015 година да ги возобнови Споменикот на стреланите и Работилницата за производство на експлозивни направи, за граѓаните да имаат можност оваа Работилница да ја посетуваат како музејски објект - истакна Трајановски, на средбата.



# ТРАДИЦИОНАЛНА КРВОДАРИТЕЛСКА АКЦИЈА



Во традиционалната крводарителска акција на Црвениот крст на град Скопје што се одржа во чест на 13 Ноември, во Центарот за дарување крв во Домот „Даре Џамбаз" крв даруваа 60 граѓани. Како дел од акцијата, Црвениот крст на град Скопје додели награди и признанија за најуспешни крводарители, фирми/компании и образовни институции кои дале најголем придонес за промоција и унапредување на крводарителството во Скопје.

## Во Аеродром

# РЕНОВИРАН КЛОН НА БИБЛИОТЕКАТА „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ"

По повод празникот 13 Ноември, во општината Аеродром беше отворен реновираниот објект на библиотечниот клон „Јане Сандански", што е дел од Градската библиотека „Браќа Миладиновци".

- На посетителите на овој клон им се достапни 20.000 наслови, а во новоотвореното електронско катче периодично ќе имаат можност и бесплатно да читаат поголем број е-списанија. За реализација на овој проект Градот од буџетот издвои 1,2 милиони денари, а во иднина планираме да инвестираме и во отворање нови клонови во другите скопски општини за да ја донесеме книгата што поблизу до нашите граѓани - рече градоначалникот Коце Трајановски.

Директорот на библиотеката „Браќа Миладиновци", Бранко Цветковски, посочи дека во реновираниот објект е заменета електричната инсталација, набавени се нови маси и полици за книгите, направен е бесшумен под, поставени се и нови прозорци, со што објектот влегува во категоријата на енергетски ефикасни објекти.



# СВЕЖИ ЦВЕЌИЊА ПРЕД СПОМЕНИКОТ НА ОСЛОБОДИТЕЛИТЕ





На 13 ноември, пред Споменикот на ослободителите на Скопје, на платото пред Владата на Република Македонија, официјални делегации од нашава земја и од странство, положија цвеќиња во чест на Денот на ослободувањето на Скопје. Цвеќе положи и делегација од Град Скопје составена од градоначалникот Коце Трајановски и од претседателот на Советот на Град Скопје, Ирена Мишева.

- Да се биде на денешен ден пред споменикот на ослободителите значи да се оддаде посебна почит на сите што ги дале своите животи за самостојна Република Македонија, благодарност на сите што својата младост ја вградиле во ослободувањето од фашистичката окупација, на сите што во изминативе седум децении ги реализирале сопствените хумани идеи, но и на сите ослободители што не го дочекале остварувањето на своите и на вековните идеали. Ако на 13 Ноември 1944 година, всушност е ослободена и нашата татковина, тогаш е разбирливо зошто едно од најмаркантните сведоштва за крајот на Втората светска војна во Македонија е фотографијата на народна радост кога генералот Михајло Апостолски на бел коњ влегува во Скопје. Наша обврска е да продолжиме да го чествуваме овој светол ден, и не само поради придобивките од седумте децении слободно Скопје туку и како потврда за исклучителното значење на еден историски датум длабоко врежан во македонскиот идентитет - истакна пред присутните градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски.

Во името на ослободителите на Скопје, пред присутните се обрати Трајко Стаматовски.

-Денеска имам мотив повеќе за ова мое обраќање, бидејќи тоа се случува на 70–годишнината од овој величествен настан, кој гледано низ историски рамки, и не е некој долг период, но не е ни мал, а за нас Македонците е извонреден, бидејќи во него ја живееме својата прва вистинска слобода. Јас сум денеска среќен човек, бидејќи на мојата генерација и падна задачата, заслугата и честа да го постигне тоа. Ги оствари стремежите на сите претходни генерации и го направи тоа исклучиво со сопствени сили. Свесна беше дека до вистинска слобода се доаѓа само на таков начин. Без сопствена борба за слобода нема вистинска слобода – нагласи Стаматовски.

Делегација на Град Скопје положи цвеќиња и пред Споменикот на ослободителите на Скопје на Партизанските гробишта „Бутел“ и пред споменикот на генерал Михајло Апостолски на градските гробишта „Бутел“.







# 70 ГОДИНИ СКОПЈЕ СЛОБОДНО ЧЕКОРИ НАПРЕД

Многубројни литературни средби, изложби, концерти, еколошки акции, планинарски тури и спортски манифестации беа дел од богатата програма со која Градот Скопје ја одбележа 70-годишнината од ослободувањето на нашиот град. Централната манифестација, музичко сценската изведба „СКОПЈЕ СЛОБОДНО ЧЕКОРИ НАПРЕД", се одржа на 13 ноември, во Македонскиот народен театар, во режија на Наташа Поплавска. Познати македонски уметници ги поведоа присутните во театарот на неколкучасовно патување низ скопската приказна, од почетоците на градот, па до денес. На свеченоста, градоначалникот Коце Трајановски, на добитниците на познатото признание „13 Ноември" на Град Скопје, за 2014 година, им ги врачи наградите.

- Во историското паметење на народите постојат датуми кои се длабоко втемелени во нивното сеќавање и свест. Токму таков датум, врежан во меморијата на Скопје е историскиот 13 ноември 1944 година. Денеска ја одбележуваме 70-годишнината од ослободувањето на градот од фашистичката окупација и крајот на четиригодишната борба за остварување на идеалите на генерации борци и преродбеници за самостојна држава и независен развој, како и децении на благодарност за делото и подвизите на ослободителите. И денес, едно од најмаркантните сведоштва на тој историски ден - фотографијата на народна радост кога генералот Михајло Апостолски на бел коњ влегува во ослободеното Скопје, всушност го означува ос-








со право очекуваат и заслужуваат неговите граѓани. Граѓаните на Скопје и на Македонија целосно се определени за живот во модерна Европа, заедница на држави обединети околу вистинските и трајните цивилизациски вредности, коишто нашиот народ со векови ги негува. Во оваа пригода сакам да потенцирам дека наша должност е да ги поттикнуваме и да им го вреднуваме несебичниот труд на сите оние наши сограѓани што со својата работа и достигнувања вложувале и вложуваат во развој на Скопје, како град во кој се негува духот на традицијата, солидарноста и мултикултурниот соживот. Токму традиционалната годишна награда „13 Ноември" на Град Скопје, за особени достигнувања и остварувања во сите сегменти на општественото живеење, е знак на признание на Градот Скопје на сите оние што со својот труд и достигнувања придонеле за неговиот развој, но и за севкупниот напредок и афирмација на Република Македонија, во и надвор од нејзините граници - истакна градоначалникот Трајановски.



Годинешни добитници на наградата „13 Ноември" на Град Скопје за 2014 година се: од областа на науката и здравствената заштита - ИЛИЈА ВЕЛЕВ и АФРИМ ОСМАНИ; од областа на образованието и воспитувањето - ЃУЛУМСЕР КАСАПИ; од областа на културата и публицистиката - СИМОН БЕЛИЧАНЕЦ и СТОЈАН ТАРАПУЗА; од областа на уметноста СЛАВИЦА ПЕТРОВСКА-ГАЛИЌ и ДЕЈАН ПРОЈКОВСКИ; од областа на спортот БРАНИСЛАВ ДАВИТКОВСКИ и ученици и студенти МАЈА БОШКОВСКА и ВЕЈЧЕСЛАВ ПОПОВСКИ.

Во името на добитниците, пред присутните се обрати проф. д-р Илија Велев.

лободувањето на нашата татковина. Ги славиме не само седумте децении на сопствено опстојување туку и на достоен начин се сеќаваме на сите премрежја низ коишто нашиот град и нашиот народ минуваат до денешен ден. Скопјани се сеќаваат и на поплавата во 1962 година и на земјотресот во 1963 година, на двете катастрофи во коишто многу наши сограѓани останаа без своите домови, без свои најблиски и кога цела една генерација скопјани го доживеа најтешкиот период. Градот разурнат од најсилниот земјотрес во својата понова историја станува центар на солидарноста и за истокот и за западот, и сосема заслужено го добива епитетот „град на солидарноста". Управувањето со големите градови, особено со главните градови на државите, е исклучително голем предизвик и сложен процес. За ова сме длабоко свесни, но и уште повеќе искрено посветени. Скопје, сестрано и во сите негови сегменти динамично се развива, онака како што






- Градот Скопје не е само современа престолнина на Македонската држава од 1944 година наваму, туку тој има далечна многувековна историска, духовна и културна традиција, на чијшто простор се премостувале повеќе основоположени цивилизации и култури. Секоја самата од себе оставала своевиден супстрат како непресушен извор од кој современата традиција на градот Скопје го црпи сопствениот културноисториски идентитет, веќе профилиран и преку проектот „Скопје 2014“. Едноставно, преку сопственото културно наследство македонската престолнина ја црпи моќта за активирање на културната меморија да го регенерира минатото, а со современите творечки достигнувања го возобновува светот што претстои да се живее. Анимирањето и афирмацијата на истакнатите истражувачи, творци, уметници, спортисти или образовни дејци и ученици преку доделувањето на пригодната награда на градот Скопје „13 Ноември“ од градоначалникот и на градскиот Совет веќе во континуитет претставува вредносен влог со престижен домен, што слободно може да се помести во форма за градење нов современ хуманизам во чијшто центар на вниманието е успешниот човек поединец, активно вклучен во широката културна рамка на глобалниот свет и на културното прелевање меѓу народите - рече Илија Велев.

# МАНИФЕСТАЦИЈА АСК – АРХИТЕКТУРА НА ГРАД СКОПЈЕ

Во организација на Град Скопје, традиционално 15 години по ред, во чест на Денот на ослободувањето на нашиот град, се одржува манифестацијата АСК – АРХИТЕКТУРА НА ГРАД СКОПЈЕ, каде што на едно место, во Музејот на Град Скопје, се среќаваат архитектите и градителите на Скопје, коишто успешно ги аплицираат своите архитектонски идеи, директно во душата на овој град менувајќи му го стилот на живеење, држејќи се строго и цврсто до идентитетот и до се она што значи современо Скопје. За годинешната манифестација беа пријавени и селектирани 8 архитектонски трудови од 6 автори.

Оваа година посетителите во Музејот на град Скопје можеа да ја погледнат и изложбата на проектот „Невидено Скопје“, во кој е прикажано тродимензионалното моделирање на историските урбанистички планови на Скопје.



# „ЗЛАТЕН ГОНГ СКОПЈЕ 2014“




На годинешното 44. издание на Меѓународниот традиционален боксерски турнир „ЗЛАТЕН ГОНГ 2014“ којштo се одржуваше од 6 до 8 ноември во спортската сала „Борис Трајковски“ учествуваа педесетина натпреварувачи од 11 земји, и тоа од Англија, Албанија, Бугарија, Босна и Херцеговина, Словенија, Хрватска, Косово, Црна Гора, Романија и од Македонија. По финалните борби, на најдобрите боксери им беа доделени признанија, како и главната награда - Златниот гонг.

Златен гонг за најдобар боксер на ова натпреварување освои Кристијан Дамјан (Албанија), Џошуа Буатси (Англија) освои пехар за најдобар техничар, пехарот за најдобар тренер отиде во рацете на Валентин Попголов (Бугарија), пехар за најдобар судија доби Кеарну Рон (Англија), пехарот за најборбен боксер му припадна на Саља Насер (Косово), пехарот за најдобар македонски боксер отиде во рацете на Амет Еминовиќ, а за најдобар странски боксер беше прогласен Радослав Пантелеев (Бугарија).

Градот Скопје и Агенцијата за млади и спорт на Република Македонија се покровители на овој традиционален турнир и во соработка со Сојузот на Спортските федерации на Република Македонија и секако со главниот организатор, Боксерската федерација на РМ, ја реализира оваа манифестација којашто е една од најстарите спортски настани во Република Македонија. Манифестацијата „ЗЛАТЕН ГОНГ“ се одржува во чест на Денот на ослободувањето на Скопје - 13 Ноември.

# ТРАДИЦИОНАЛНА НОЌНА АТЛЕТСКА ТРКА

На 16 ноември низ улиците на Скопје се трчаше традиционалната Ноќна атлетска трка. Во трката учествуваа над 200 учесници, се одржаа трки во машка и во женска конкуренција, како и минитрка за учесниците од средните училишта на Град Скопје на која настапија над 400 учесници.

На традиционалната Ноќна атлетска трка низ улиците на Скопје 2014 беа постигнати следните резултати:

**4800 МЕТРИ (МАЖИ)**

1 место – Кокан Ајановски

**2400 МЕТРИ (ЖЕНИ)**

1 место –Росица Костова

**1200 МЕТРИ (СРЕДНОШКОЛЦИ МАЖИ)**

1 место – Славе Коевски (ДСУФК „Методија Митевски Брицо“)

**1200 МЕТРИ (СРЕДНОШКОЛЦИ ЖЕНИ)**

1 место – Вера Ударевска (ДСУФК „Методија Митевски Брицо“)

Ноќната атлетска трка низ улиците на Скопје е финансиски поддржана од Градот Скопје, а ја организира Атлетската федерација на Македонија.





# МЕЃУНАРОДЕН ШАХОВСКИ ТУРНИР НА СЛЕПИ И ЛИЦА СО ОШТЕТЕН ВИД

Традиционалниот „Меѓународен шаховски турнир на слепи и лица со оштетен вид" годинава се одржа по 42.пат. Во натпреварите што се одржуваа од 14 до 16 ноември учествуваа 35 шахисти (26 од Македонија и 9 од странство), како и 8 шахистки од Македонија.

Градот Скопје за реализација на оваа манифестација издвои 50.000 денари.

# ТУРНИР ВО МАЛ ФУДБАЛ НА ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА

Екипата на Јавното сообраќајно претпријатие „Скопје" го освои првото место на Турнирот во мал фудбал меѓу јавните претпријатија на Град Скопје, што традиционално се одржува секоја година, во чест на 13 Ноември - Денот на ослободување на Скопје. На седмиот турнир во мал фудбал настапија 10 екипи, и тоа ЗГЈП „Јавен глас", ЈП „Комунална хигиена", ЈСП „Скопје", ЈП „Водовод и канализација", ЈП „Градски паркинг", ЈП „Улици и патишта" , ЈП „Паркови и зеленило", екипа на Противпожарната бригада на Град Скопје, ЈП „Дрисла" и екипа од Град Скопје.

За најдобар поединец на турнирот беше прогласен Дејан Блажевски од тимот на ЈСП, најдобар стрелец на турнирот е Владимир Стрезовски од екипата на Град Скопје, а за најдобар голман беше прогласен Љубиша Џепиќ од тимот ЗГЈП „Јавен глас".

Седмиот турнир на јавни претпријатија на Град Скопје „13 Ноември" е во организација и под покровителство на Град Скопје и Синдикатот на јавни претпријатија на Град Скопје.




# НАТПРЕВАР ВО ПИНГ-ПОНГ

Во организација на „Сојузот на средноучилишен спорт во Скопје" и Пинг-понгарската федерација на Македонија на 11 ноември во спортскиот центар „Борис Трајковски" се одржа градското првенство во пинг-понг меѓу ученици од средните училишта во Скопје. Во првенството учествуваа екипи од средните училишта „Георги Димитров", „Михајло Пупин", „Никола Карев", „Боро Петрушевски", „Димитар Влахов", „Раде Јовчевски-Корчагин", „Орце Николов", „Јосип Броз-Тито", „Васил Антевски-Дрен", „Кочо Рацин", „Методи Митевски-Брицо", „Марија Кири-Склодовска", „Арсени Јовков", „Зеф Љуш Марку" и „Браќа Миладиновци".

На првенството беа постигнати следните резултати:

Во категоријата на младинки најуспешни беа:

1.Сандра Андовска – „Орце Николов"

2.Ина Стефановска – „Орце Николов"

3.Деспина Станковска – „Раде Јовчевски- Корчагин"

Во категоријата на младинци најуспешни беа:

1.Кристијан Јованов – „ Раде Јовчевски- Корчагин"

2.Теодор Кировски – „Кочо Рацин"

3.Марин Глигоров – „Никола Карев"

*11. циклус посети на скопските општини*

# НЕПОСРЕДНО СО ГРАЃАНИТЕ ЗА УРБАНИТЕ ПРОБЛЕМИ





Во текот на изминатиов месец се одржа 11.циклус посети на сите десет општини во градот Скопје. Претставниците на урбаните и месните заедници имаа можност да се сретнат со градоначалникот Коце Трајановски, со претставници на администрацијата на Градот Скопје и со директорите на јавните градски претпријатија и да поразговараат за проектите на Градот Скопје и за нивните потреби од областа на урбаното живеење.

- Ова е одлична можност да се сретнеме со претставниците на урбаните и на месните заедници и да ги слушнеме мислењата на граѓаните за проектите на Градот Скопје, како и нивните потреби од областа на урбаното живеење. Разговараме за прашања од областа на сообраќајот, за новите сообраќајни решенија, за јавната хигиена и одржувањето на зеленилото, за подобрувањето на услугата на јавните претпријатија и за многу други прашања. Овие средби претставуваат и еден вид отчет на досега сработеното од Град Скопје на подрачјето на одредената општина - вели градоначалникот Трајановски.

Посетите на скопските општини беа придружени со големи акции за чистење на јавните површини. Во текот на тридневните акции екипи на ЈП„Паркови и зеленило" ги косеа тревниците и ги кастреа гранките на дрвјата, работниците на ЈП „Улици и патишта" ги крпеа ударните дупки, екипите на ЈП „Водовод и канализација" ја проверуваа атмосферската канализација и ги чистеа сливниците, а работниците на ЈП „Комунална хигиена" ги расчистуваа дивите депонии, ги чистеа контејнерите и ги метеа улиците.

# РАСЧИСТЕНА ГОЛЕМА ДЕПОНИЈА ВО ШУТО ОРИЗАРИ

Екипите на Градот Скопје и на ЈП „Комунална хигиена" ја расчистија големата дива депонија на улицата Гарсија Лорка, во Шуто Оризари, при што беа отстранети над 1.500 кубни метри мешан отпад. По расчистувањето на теренот вработени во ЈП „Паркови и зеленило" засадија повеќе од 100 зимзелени дрвја и грмушки, со што овој простор доби нов и уреден лик.






## *Во Младинскиот културен центар*

# НОВА ЛИФТОВСКА ПЛАТФОРМА ЗА ЛИЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ

За да се олесни следењето на случувањата од областа на културата за лицата со посебни потреби, во објектот на Младинскиот културен центар е поставена вертикалната лифтовска платформа. Идејното решение за лифтовската платформа го подготвија професори од Машинскиот и од Архитектонскиот факултет од Скопје, а изведбата ја направи „МАКЛИФТ“. За оваа намена од Буџетот на Град Скопје за 2014 година беа издвоени околу 2 милиона денари.

- Ова е трет ваков лифт кој Градот Скопје го изгради за потребите на лицата со посебни потреби. За да се подобри квалитетот на нивното живеење и за да се создадат услови за независен живот, што претставува еден од главните приоритети на Град Скопје, во 2010 година поставивме лифтовска платформа за лица со посебни потреби во СУГС „Михајло Пупин“. Градот создаде услови за вклучување на лицата со посебни потреби во воспитно-образовниот процес на тој начин што училиштата ги направи достапни за сите ученици во Скопје, но и за оние што доаѓаат да учат во Скопје од другите градови на земјава. Во почетокот на 2014 година, поставивме лифт и лифтовска платформа за лицата со посебни потреби и во градското средно училиште „Арсени Јовков“. Ова е само уште една потврда дека Градот Скопје е можеби и единствената институција која има изградено толкав број лифтови наменети за лицата со посебни потреби - истакна градоначалникот Коце Трајановски, на промоцијата на новата лифтовска платформа.



## *Во ПОУ „Златан Сремац“*

# УРЕДЕНА ПРОСТОРИЈА ЗА ДНЕВЕН ПРЕСТОЈ

Во Посебното основно училиште „д-р Златан Сремац“ пред два месеци беше отворена нова просторија за дневен престој. Просторијата беше реконструирана и пренаменета со средствата собрани од четвртиот Меѓународен добротворен базар 2014, којшто се одржа на 7 јуни годинава. Базарот беше организиран по повод 1 јуни, Меѓународниот ден за заштита на детето од „Добредојде“ - Македонија Велкам Центар („Dobredojde“ Macedonia Welcome Center - DMWC), а годинава за првпат беше поддржан од Градот Скопје.



Во рамките на четвртиот Меѓународен добротворен базар 2014, на просторот во Градскиот трговски центар повеќе амбасади и странски претставништва на штандови продаваа ракотворби и производи карактеристични за нивните држави.

Во рамките на оваа манифестација беа собрани 172.000 денари, средства кои беа искористени за реконструкцијата и пренамената на новата просторија за дневен престој во ПОУ „д-р Златан Сремац“ – Скопје.

# ГОДИНАВА 33,5 МИЛИОНИ ДЕНАРИ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА

Екипите на Град Скопје во текот на изминатите месеци реконструираа 15 објекти на средните училишта, за што од Буџетот беа издвоени околу 33,5 милиони денари, односно 18,5 милиони денари за реконструкција на објектите и 15 милиони денари за замена на азбестните покриви.

- Во СУГС „Михајло Пупин" се работеше на санирање на санитарните јазли и на замена на азбестниот покрив, со што ќе ја подобриме енергетската ефикасност на училишниот објект. Во текот на летото во 4 училишта се заменуваше столаријата, во 3 училишта се санираа подовите во училниците, во 3 училишта се санираа санитарните јазли, во 1 училиште се реконструираа кабинетите и во 1 училиште се реконструираше подот во фискултурната сала. Екипите на Градот Скопје поставија и громобрани на објектите на 18 средни училишта на Град Скопје, поточно, се поставуваа системи за заштита од атмосферски празнења со фаќач за уред за рано стартување. За овој значаен проект кој овозможи заштита на училишните згради од електричните празнења од атмосферата и од штети, Градот Скопје потроши околу 8,7 милиони денари. Сакам да нагласам дека Градот, со цел да ги подобри условите за учење на учениците, како и условите за работа на наставниците, од 2009 до 2013 година за реконструкција на средните училишта од Буџетот има издвоено 132 милиони денари - истакна градоначалникот Коце Трајановски, при посетата на СУГС „Михајло Пупин".

Во текот на ова лето се работеше и на замена на азбестно-цементниот покрив на ЈУУДГС – интернат „Здравко Цветковски", во СУГС „Панче Караѓозов" беше извршена реконструкција на покривот на втората ламела, во СУГС „Панче Арсовски" се реконструираше покривот на работилницата, во СУГС „Никола Карев" се изврши санација на подот во училниците, во СУГС „Орце Николов" се санира подот во училниците, во СУГС „Ѓорѓи Димитров" се реконструира подот во фискултурната сала, во СУГС „Арсени Јовков" се заменуваше столаријата на скалишниот простор, во СУГС „Јосип Броз Тито" се заменуваа прозорци, во СУГС „Васил Антевски Дрен" се заменуваше столаријата, во СУГС „Раде Јовчевски Корчагин" се менуваа прозорци, во СУГС „„Здравко Цветковски" се реконструираа подови во училници, во СУГС „Браќа Миладиновци" се санираа санитарните јазли, во СУГС „Цветан Димов", исто така, санитарните јазли, а во СУГС „Димитар Влахов" се реконструираа кабинетите во училиштето.







# НАСКОРО ПОДЗЕМНИ КОНТЕЈНЕРИ ВО КИСЕЛА ВОДА...

Жителите на општината Кисела Вода наскоро ќе добијат можност отпадот од домаќинствата да го одлагаат во подземни контејнери и да селектираат. Првите подземни контејнери во оваа општина деновиве се поставуваат на улицата Христо Татарчев.

- Ги почнавме градежните работи за инсталирање систем на подземни контејнери за одлагање комунален отпад на подрачјето на општината Кисела Вода, што е дел од втората фаза на проектот за поставување подземни контејнери во Скопје. Во рамките на оваа фаза, ќе бидат поставени подземни контејнери на девет микро-локации, односно по три контејнери на три-микролокации во секоја од општините: Аеродром, Кисела Вода и Гази Баба. На 3 локации во општината Кисела Вода ќе се постават вкупно 9 подземни контејнери, од фирмата АТРИКОТ од Словенија. На секоја локација ќе се постават по 2 контејнера за мешан отпад и еден за ПЕТ амбалажа. Системот кој ќе се користи за вадење и спуштање на контејнерите, односно за нивно празнење, е на хидрауличен погон и е еден од најсовремените во регионот. За реализација на овој значаен проект се издвоени вкупно 6,6 милиони денари, од кои секоја од трите вклучени страни издвојува по 2,2 милиона денари, односно подеднакво инвестираат Градот Скопје, Општината Кисела Вода и ЈП „Комунална хигиена – објаснува градоначалникот Коце Трајановски.



Подземните контејнери имаат зафатнина од 3 кубни метри, во нив отпадот се складира на пониска температура, притоа не зафаќајќи слободна површина над земјата.

# ... И ВО АЕРОДРОМ

Првите подземни контејнери во општината Аеродром деновиве се поставуваат на булеварот Јане Сандански, пред ТЦ „Три бисери“. Според проектот, на 3 локации во општината Аеродром ќе се постават вкупно 9 подземни контејнери. Покрај локацијата кај ТЦ „Три бисери“, подземни контејнери ќе се постават и кај ТЦ „Бисер“ и во населбата Лисиче, во близина на ОУ „Лазо Ангеловски“.

За реализација на овој значаен проект се издвоени вкупно 6,6 милиони денари, од кои секоја од трите вклучени страни издвојува по 2,2 милиона денари, односно подеднакво инвестираат Градот Скопје, Општината Аеродром и ЈП „Комунална хигиена“.



Исто како и кај подземните контејнери што се поставуваат во општината Кисела Вода, празнењето на новите садови за отпад е на хидрауличен погон, за што ќе се употребуваат три од постојните возила на ЈП „Комунална хигиена“, коишто се специјално надградени за оваа намена. Системот за собирање на комуналниот отпад во подземни контејнери е исклучително софистициран и успешен и веќе подолг период се применува во светски рамки, со одлични ефекти во заштитата и зачувувањето на здравјето на граѓаните и природната околина.

# 240 ДРВЦА ГО ЗАЗЕЛЕНИЈА ПАРКОТ КРАЈ БУЛЕВАРОТ ФЕВРУАРСКИ ПОХОД

По должината на булеварот Февруарски поход, кај новите згради, екипите на Градот Скопје уредија зелен појас со површина од 13.197 квадратни метри. На новата зелена површина е засеана трева, а на Денот на дрвото беа засадени и 240 дрвца, меѓу кои јасени, каталпи, брези и келерутерии. Напролет, кога временските услови ќе бидат поволни, просторот ќе се украси и со цвеќиња.



На новата зелена површина претходно беше поставена хидрантска мрежа со должина од 780 метри; 117 прскалки; 18 хидранти; 16 шахти и во еден дел систем капка по капка. На терен работеа екипите на ЈП „Паркови и зеленило". Градот Скопје за уредување на зеленилото по должината на булеварот Февруарски поход потроши околу 4,5 милиони денари.

# „ДЕН НА ДРВОТО 2014 ГОДИНА"

Градот Скопје и годинава активно се вклучи во масовната акција „Ден на дрвото 2014 година" и организира засадување дрвја на повеќе локации низ градот. Градоначалникот Коце Трајановски, членови на Советот на Град Скопје и директорите на јавните претпријатија на 3 декември засадуваа дрвца по должината на булеварот 8.Септември, на потегот од крстосницата со булеварот Илинден до крстосницата со булеварот Партизански одреди. На овој потег беа засадени 150 платани.

- Градот Скопје, јавните претпријатија и средните училишта и годинава се вклучуваат во акцијата „Ден на дрвото 2014 година". На територијата на Скопје, на вкупно 18 локации ќе бидат засадени 2.000 садници од видовите јавор, јасен, каталпа, платан, кедар, туја, албиција, келерутерија и бреза. Од нив, половината се обезбедени од ЈП „Паркови и зеленило", а другата половина од ЈП „Македонски шуми" - објаснува градоначалникот Трајановски.



Акции за засадување дрвја се спроведуваа и на 18 други локации меѓу кои: кај скопската тврдина Кале; на Водно, во дендропаркот; во населбата Драчево, во паркот на бранителите; по должината на булеварите Видое Смилевски Бато, Трета македонска бригада и Киро Глигоров, во заштитениот локалитет „Гази Баба", кај кружниот тек во Бутел, во средишниот дел на булеварот Словенија, во паркот во општината Сарај и на други локации. Дополнително, скопските средношколци засадуваа дрвца на локација во Миладиновци.



## АКЦИЈА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ САДНИЦИ

Градот Скопје на сите заинтересирани куќни совети и урбани и месни заедници и оваа есен бесплатно им додели 2.000 дрвца (листопадни и зимзелени), од ЈП „Паркови и зеленило". Акцијата на Град Скопје за доделување садници се организира веќе седма година, во две етапи, напролет и наесен.

# АВТОМАТСКА ЛОКАЦИЈА НА ВОЗИЛА И ЕЛЕКТРОНСКА НАПЛАТА ВО АВТОБУСИТЕ НА ЈСП

За неполна година, Градот Скопје во автобусите на ЈСП ќе воведе систем за автоматска локација на возилата и систем за електронска наплата на билетите. Градот Скопје на тој начин ќе придонесе за подигање на квалитетот на превозните услуги, за зголемување на бројот на патници, како и за зголемена наплата. Системот за автоматска локација на возилата и за електронска наплата на билетите ќе го воведе конзорциумот ТММК – Маргенто - ИКОМ, избран на јавен повик.

- Со воведувањето на овој систем граѓаните ќе добијат многу придобивки - следење на автобусите во реално време, запазување на пропишаните возни редови, како и овозможување навремени корекции и намалување на времето на чекање во согласност со моменталните случувања во сообраќајот во градот. Голема придобивка ќе биде и интегрирањето во овој систем на приватните превозници „Слобода превоз“ и „Макекспрес“, односно граѓаните ќе можат еден билет да користат за возење и во автобусите на приватните превозници и во автобусите на ЈСП. Средствата од продажбата на автоматските билети ќе ги добива Градот Скопје, а на превозниците Градот ќе им префрла средства по поминат километар. За реализација на овој проект се предвидени околу 3 милиони евра – вели градоначалникот Коце Трајановски.

Во делот на наплатата, овој проект ќе овозможи лесна и брза наплата со намалување на времето на задржување на автобуските постојки. Постои можност за воспоставување различни видови плаќања (дневен билет, неделен билет, временски ограничен билет, зонски билет...)

На граѓаните на располагање ќе им бидат 61 место за надополнување и продажба на картички во кои влегуваат и три автономни автомати за издавање и дополнување на картички.

Не е за занемарување и заштедата на горивото поради рационализацијата на превозот и пократкото стоење на возилата на постојките, а со тоа ќе се придонесе за помало загадување на воздухот.




# НОВА СИГНАЛИЗАЦИЈА НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ ПРЕМИН КАЈ УСЈЕ

Градот Скопје воведе нов сообраќаен режим на булеварот Борис Трајковски, на преминот преку железничката пруга кај населбата Усје каде што е поставена нова патна и железничка сигнализација.

- Вградувањето на овој систем за регулирање на сообраќајот е резултат на добрата соработка на Градот Скопје со Македонски железници-Инфраструктура, Македонски железници-Транспорт и Цементарницата „Усје“. На терен се поставени светлосни сообраќајни знаци за означување премин на патот преку железничка пруга во ниво и полубраници за затворање на сообраќајот на преминот преку железничката пруга во ниво. Претходно овој премин беше регулиран физички, со знаменца, а сега преминот е обезбеден со рампи и целосна сигнализација со што во голема мера ќе се зголеми безбедноста во сообраќајот. За воведување на новиот сообраќаен режим на булеварот Борис Трајковски Градот Скопје изработи сообраќаен проект за којшто има добиено согласност од Министерството за внатрешни работи за утврдување на овој режим на сообраќај. Сакам да нагласам дека ова е еден од најсложените системи за регулирање на сообраќајот во нашава земја, со оглед на тоа што овој премин е единствениот каде што железничка пруга поминува низ крстосница регулирана со семафори – рече градоначалникот Коце Трајановски, на промоцијата на новата сигнализација.



Директорот на МЖ – Инфраструктура, Ирфан Асани, истакна дека овој проект е дел од низата успешни проекти за подобрување на железничкиот сообраќај и за зголемување на безбедноста на железничките премини.

- Овој нов систем којшто е финансиран главно од Градот Скопје и од Цементарницата „Усје“ треба да биде пример како се решава сообраќајот кога индустриски колосеци се вкрстуваат со сообраќајници, а којшто треба да го следат и другите правни субјекти – рече Асани.

*Почитувај ги правилата, почитувај го животот*

# ГРАДОТ СКОПЈЕ СЕ ВКЛУЧИ ВО КАМПАЊАТА ЗА БЕЗБЕДНОСТ ВО СООБРАЌАЈОТ

Градот Скопје се вклучи во кампањата за безбедност во сообраќајот „Почитувај ги правилата, почитувај го животот" и преку низа активности упати јасна порака до граѓаните дека со одговорно вклучување во сообраќајот секој човек придонесува за својата, но и за безбедноста на другите учесници во сообраќајот. Градоначалникот Коце Трајановски, директорот на Јавното сообраќајно претпријатие „Скопје", Мишо Николов и портпаролот на Републичкиот совет за безбедност во сообраќајот на патиштата, Тоше Јанев, ја посетија дирекцијата на ЈСП во населбата Автокоманда и разговараа со стручните лица во ова јавно претпријатие за предизвиците со коишто се соочуваат при вклучувањето во сообраќајот.

- За време на посетата на ЈСП разговаравме со стручните лица вработени во ова претпријатие за прашања поврзани со безбедноста во сообраќајот, пред се со возачите, кои се директно одговорни за безбедноста на патниците – објасни градоначалникот Трајановски.

Кампањата за безбедност во сообраќајот „Почитувај ги правилата, почитувај го животот" ја спроведува Владата на Република Македонија со цел да се подигне свеста на граѓаните - учесници во сообраќајот да ги почитуваат пропишаните правила и прописи. Оваа кампања се однесува и е насочена кон сите учесници во сообраќајот - возачите, велосипедистите, пешаците...







# ТАКСИСТИТЕ ЗА ПОГОЛЕМА БЕЗБЕДНОСТ НА УЛИЦИТЕ

И скопските таксисти ја поддржаа кампањата за безбедност во сообраќајот „Почитувај ги правилата, почитувај го животот". Тие ја нагласија важноста од врзување на безбедносниот ремен за возачите, но и за патниците во моторните возила кога се вклучуваат во сообраќајот.

- Заедно со претставниците од Републичкиот совет за безбедност во сообраќајот и со претставници на такси-компаниите сакаме да упатиме порака до граѓаните за тоа колку е важно да го врзуваат безбедносниот ремен на предното, но и на задното седиште во возилото. Во таа насока, на такси-возилата во Скопје на задното стакло има залепено жолти налепници кои ќе ги потсетуваат корисниците на такси-превозот да го врзат безбедносниот ремен. Сакам да нагласам дека Градот Скопје континуирано работи на зголемување на безбедноста во сообраќајот, пред се во делот на одржување на вертикалната и хоризонталната патна сигнализација. Упатувам апел до граѓаните да ги чуваат и да не ги оштетуваат сообраќајните знаци. Градот Скопје годишно одвојува по околу 50.000 евра само за обнова на оштетените сообраќајни знаци – рече градоначалникот Коце Трајановски на промоцијата на новата активност.

Гојче Стефковски од компанијата „Сонце" и претставник на такси-компаниите нагласи дека такси-возачите отсега имаат задача да ги потсетуваат своите патници да го врзат појасот, без разлика дали седат на предното или на задното седиште.

# ЕВРОПСКА НЕДЕЛА НА

Градоначалникот Коце Трајановски на 16 септември во име на Град Скопје потпиша пристапница за учество во Европската недела на мобилност 2014, со што и официјално почна оваа позната и масовна еднонеделна кампања за одржлива мобилност и почиста средина во Скопје. Мотото на ЕНМ годинава беше „Нашите улици – наш избор", а Градот Скопје организираше многубројни манифестации, едукативни работилници, предавања и акции во насока на промоција на алтернативните видови транспорт.

- Европската недела на мобилност е кампања која промовира визија на градски улици на кои не доминираат моторните возила. Тоа е недела на велосипедистите, пешаците, возачите на ролери, тротинети, скејт-борди, корисниците на инвалидски колички, на сите учесници во сообраќајот кои не ја загадуваат животната средина, не прават бучава и не го заземаат животниот простор на граѓаните. Велосипедскиот сообраќај, на пример, е транспорт со апсолутен одржлив развој. Свесен сум дека се уште постојат проблеми и дека се потребни подобрувања, проширувања и надградби на веќе реализираните проекти. Верувајте, ние тоа и го правиме, а резултатите од преземените активности допрва ќе бидат видливи за граѓаните на Град Скопје – рече градоначалникот Трајановски, на првиот ден од Европската недела на мобилност.

## ЕЛЕКТРОМОБИЛИ И ЕЛЕКТРОВЕЛОСИПЕДИ

Градот Скопје силно ја поддржува идејата за електромобилност. Ова лето беа промовирани 5 електромобили и 10 електровелосипеди на ЈП „Градски паркинг" кои им се ставени на располагање на граѓаните и на посетителите на Скопје.

Цената на билетот за електромобилите изнесува 50 денари по лице, за една тура за разгледување, која во просек трае 20 минути. На оваа рута се предвидени пет стојалишта: пред спомен обележјето Мајка Тереза, на плоштадот „Македонија", Порта Македонија, пред споменикот Филип II Македонски и кај мостот „Око".




## „ПАТУВАЈ ЗЕЛЕНО" - НОВА АНДРОИД АПЛИКАЦИЈА

Преку новата андроид апликација „Патувај зелено", која беше промовирана како дел од активностите на Европската недела на мобилност, граѓаните во реално време може да добиваат информации за сообраќајните текови во градот и да го одберат најкраткиот, најекономичниот и најеколошкиот начин за да стигнат до саканата дестинација. Апликацијата „Патувај зелено" е бесплатна и граѓаните преку својот мобилен телефон може да ја инсталираат преку иконата playstore, со внесување skopje green route и избор на оваа апликација.



- Овој револуционерен и иновативен концепт е развиен од Град Скопје и Програмата за развој на Обединетите нации, а ги поврзува главните транспортни чинители во градот, ЈСП, ЈП „Градски паркинг", Центарот за управување и контрола на сообраќајот и граѓаните. „Патувај зелено" претставува навигациска алатка која ќе овозможи постојано информирање на граѓаните за состојбите во сообраќајот, ќе ги промовира можностите за употреба на поеколошки и поекономични начини на превоз и ќе ги квантифицира емисиите на стакленички гасови предизвикани од сообраќајот. Сакам да се заблагодарам на УНДП за финансиската поддршка на овој проект и на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство за соработката и реализацијата на проектот –истакна на презентацијата на оваа апликација градоначалникот Коце Трајановски.

# МОБИЛНОСТ ВО СКОПЈЕ



## УМЕШНОСТ ВО ВОЗЕЊЕ ВЕЛОСИПЕД

Шеесетина средношколци од СУГС „Боро Петрушевски“ и од СУГС „Михајло Пупин“ на 18 септември ја покажаа својата умешност во вешто возење велосипеди на полигонот на СУГС „Боро Петрушевски“, како дел од активностите на третиот ден од Европската недела на мобилност.

## „ИСКЛУЧИ ГО АВТОМОБИЛОТ – ВКЛУЧИ ГО УМОТ“

На 17 септември, на вториот ден од Европската недела на мобилност, Градот Скопје организира голем број настани што се одвиваа под мотото „Исклучи го автомобилот – вклучи го умот“. Децата од градинката „Весели цветови“ во Кисела Вода, објект „Кокиче“, учеа да возат велосипед, играа и пееја за животната средина, а погледнаа и едукативен цртан филм за безбедноста на децата во сообраќајот.

Ученици од АСУЦ „Боро Петрушевски“ имаа можност да се запознаат со работата и со активностите на Центарот за управување и контрола на сообраќајот (ЦУКС). Средношколци од СУГС „Кочо Рацин“, пак, го посетија Музејот на автобуси во автобазата на ЈСП во Ѓорче Петров и се информираа за придобивките од користењето јавен транспорт.





## ГОЛЕМО ДЕФИЛЕ НА ВЕЛОСИПЕДИ НА ГРАДСКИТЕ УЛИЦИ

Неколку илјади граѓани, ученици, рекреативци и вљубеници во велосипедизмот на 22 септември учествуваа во големото дефиле на велосипеди што по градските улици се возеше по повод Денот без автомобили и крајот на Европската недела на мобилност. Дефилето го предводеа градоначалникот Коце Трајановски, заменик-министерот за животна средина, Стево Темелковски и заменик–амбасадорот на Европската унија во нашава земја, Роберт Лидл.

Дваесет најсреќни учесници во велосипедското дефиле преку лотарија добија велосипеди, донација од Градот Скопје, МЖСПП, Цементарница „Усје“, РЖ Институт и ONE.

## „ТЕСЛА КОНВОЈОТ 2014“ ВО СКОПЈЕ

Како дел од активностите на Европската недела на мобилност на 20 септемри во Скопје пристигна иницијативата „Тесла конвој 2014“ и пред македонската јавност беше претставено електричното возило „Тесла модел С“. Градоначалнилот Коце Трајановски се сретна со претставници на „Тесла конвојот 2014“, Илија Вучков, претседател на ЕМКИЦЕ (Европско-македонски центар за иновации и знаење) и Саша Цветојевиќ (сопственик на возилото) и ја даде својата поддршка на оваа иницијативата која има за цел да ја популаризира употребата на електрични и хибридни возила во Југоисточна Европа, да ја подигне свеста за почиста и поздрава животна средина и за креирање зелен коридор со станици за полнење на електрични возила.

Возилото „тесла“ со едно полнење од 85 киловат часови може да помине околу 400 километри, што би чинело околу 350 денари.

## *Денови на енергетска ефикасност 2014*

# СУГС „ЈОСИП БРОЗ-ТИТО“ СТАНА ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНО УЧИЛИШТЕ







СУГС „Јосип Броз - Тито“ стана енергетски ефикасно училиште. Училишната зграда во изминативе неколку месеци доби нова фасада и покрив, а заменети се и прозорците.

- Во СУГС „Јосип Броз-Тито“ се заменети речиси сите прозорци со енергетски ефикасни, заменет е покривот и направена е нова енергетски ефикасна фасада. Фасадата е направена со финансиска поддршка од УНДП и чини 3.905.717 денари, во кои Градот Скопје учествува со 2.331.300 денари. Со преземањето на овие мерки за енергетска ефикасност се предвидува заштеда на енергија од околу 30%, подобрување на амбиенталната температура во просториите и намалување на внесената енергија за загревање. Градот Скопје досега изврши гасифиција на две средни училишта, СУГС „Георги Димитров“ и СУГС „Здравко Цветковски“, а во тек е и гасификацијата на СУГС „Зеф Љуш Марку“ и СУГС „Арсени Јовков“. Средствата коишто се инвестираат во овој проект се враќаат за помалку од две години, а имаме заштеда од околу 50% - истакна градоначалникот Трајановски, на промоцијата на ова енергетски ефикасно училиште, во рамките на Деновите на енергетска ефикасност 2014.

Деновите на енергетска ефикасност 2014, кои се одржаа од 25 до 27 ноември, финансиски ги поддржа ГИЗ, а опфатија повеќе настани и случувања. Во областа на мобилноста и сообраќајот во СУГС „Боро Петрушевски“ учениците претставија велосипед кој при своето движење полни мобилни телефони, како и други слични проекти, а Градот Скопје ја промовира апликацијата „Патувај зелено“ и велосипедските патеки во градот. Во Младинскиот културен центар, пак, се одржа филмски фестивал на тема енергетска ефикасност на кој беа прикажани едукативни филмови со пораки и идеи како да се штеди енергијата на работното место и во домовите. Посетителите можеа да видат позитивни искуства и насоки за штедење енергија кои дале резултати.

Во текот на Деновите на енергетска ефикасност на граѓаните им се делеа едукативни материјали за енергетската ефикасност, во центарот на градот.

Кога зборуваме за енергетската ефикасност важно е да се напомене дека Градот Скопје во изминатиот период замени над 95% од уличните светилки што се под негова надлежност со натриумови светилки (енергетски ефикасни) и изврши економично регулирање на топлински станици (систем со второстепена регулација), речиси во сите објекти што се под надлежност на Град Скопје. Скопје е еден од првите градови во Југоисточна Европа кој има централно регулирање на сообраќајот и нови автобуси на ЈСП „Скопје“ со кои ќе се заштеди гориво и ќе се подобри квалитетот на воздухот.

Градот Скопје континуирано работи на подигање на свеста кај граѓаните за користење на велосипедот како превозно средство, ги проширува велосипедските патеки и гради нови. Градот Скопје досега има изградено велосипедски патеки во должина од 60 километри по главните сообраќајници и околу 20 километри патеки на двете страни од кејот на реката Вардар.



# ЗА ПОМАЛО ЗАГАДУВАЊЕ УЛИЦИТЕ ЌЕ СЕ ПРСКААТ СО КАЛЦИУММАГНЕЗИУМАЦЕТАТ




За да се намали загадувањето на воздухот Градот Скопје од годинава ќе почне со апликација на средството калциуммагнезиумацетат на градските улици. Станува збор за средство кое се користи за контрола и намалување на ситната прашина (ПМ10 и ПМ2,5 честичките) и за стабилизација на патиштата. Средството се врзува со ситните честички и формира смеса која не дозволува прашината повторно да се крева со поминувањето на возилата. Се применува во големите светски метрополи како што се Лондон, Виена, Клагенфурт, Линц, Хелсинки, Брунек, Штудгард, Стокхолм, Гетеборг...

КМА воедно може да се користи и како средство за одмрзнување на улиците. Неговото дејство е со пониска точка на мрзнење (–10$^{0}$C), а индустриската сол има дејство до -5$^{0}$C. Средството е еколошки производ, биоразградлив до 70 проценти во рок од 3 дена, не е штетен за растенијата (погоден е за апликација во близина на паркови и зелени површини), не е корозивен, лесен е за апликација и целосно е стабилен, што значи може да се чува за подолг период. При неговото аплицирање како резултат на неговиот состав може да се почувствува слаб мирис на оцет, кој исто така не е опасен по здравјето на луѓето.

Досега се пристигнати 7.000 литри од ова средство. Испораката на средството ќе се врши во согласност со потребите. Средството е набавено од најповолниот понудувач на јавниот повик што го објави Градот Скопје, „Алкалоид" АД Скопје. За набавка на средството Градот Скопје ќе вложи околу 3 милиони денари (со ДДВ).

Градот Скопје, во рамките на своите надлежности, спроведува низа мерки за заштита на животната средина: издава Б интегрирани еколошки дозволи; издава Елаборати за заштита на животната средина; врши редовни и вонредни инспекциски надзори и контроли на инсталации кои се должни да преземаат мерки за намалување на емисиите; редовни и вонредни надзори и контроли на градилиштата; известување и информирање на граѓаните на Градот Скопје; донесување плански документи; зголемување на зелениот фонд на подрачјето на Градот; подобрување на јавниот сообраќај; подобрување на сообраќајната инфраструктура и контрола на сообраќајот преку ЦУКС и изготвување План за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух за целиот Скопски регион, во кој ќе се предвидат дополнителни мерки за намалување на загадувањето.

# СТУДИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА ЗА ОТПАДНИ ВОДИ

Градоначалникот Коце Трајановски, министерот за животна средина и просторно планирање, Нурхан Изаири и претставникот на компанијата ЕГИС Еау од Франција, Бруно Оливие, на 9 септември потпишаа Меморандум за разбирање за изработка на Студија за финансирање, изградба и работа на пречистителна станица за отпадни води за Скопје. Основната задача на проектот е да се изработи студија која ќе го дефинира најдобриот пристап за финансирање, изградба и управување со станицата за третман на отпадни води која ќе опслужува 600.000 жители, преку избор на најсоодветна финансиска и технолошка шема за спроведување на работите. Изработката на студијата е финансиски поддржана од Фондот за студии и помош во приватниот сектор – ФАСЕП и француската Влада во висина од 729.000 евра.





Градот Скопје е подготвен за одржување на магистралните и на собирните улици на подрачјето на Скопје, во зимски услови. За чистење на снежните наноси од коловозите Градот Скопје оваа сезона располага со 30 возила и со доволно количество сол. Зимската служба 2014/2015 година ќе трае до 15 март 2015 година, со можност за продолжување доколку се неповолни временските услови.


Среќна Нова
2015 година